**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 февруари 2019 година.

Бр. 08-887/1
4 февруари 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ**

Член 1

Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), по членот 99-б се додаваат нов наслов и нов член 99-в, кои гласат:

„Дополнителна помош за земјоделски производи
откупени најмногу пред пет години

Член 99-в

(1) Владата може да донесе одлука за дополнителна помош како мерка за исплата за одреден земјоделски производ кој согласно со членот 99-а од овој закон не може да се исплати, а се однесува за одреден земјоделски производ откупен најмногу пред пет години од денот на донесувањето на одлуката, а неплатен од страна на регистриран откупувач, во случај земјоделското стопанство како производител на тој земјоделски производ да било корисник на мерка од годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството за тој производ во годините за кои се однесува помошта.

(2) Дополнителната помош од ставот (1) на овој член не може да изнесува повеќе од просечната цена за откуп за тој производ во Република Македонија по единица мерка на годишно ниво за периодот за кој се утврдува согласно со ставот (1) на овој член.

(3) Средствата за дополнителната помош од ставот (1) на овој член може да се неповратни или повратни и да се враќаат најдоцна во рок од три години од денот на нивната исплата.

(4) Во одлуката од ставот (1) на овој член ќе се утврди видот на земјоделскиот производ, периодот за кој се однесува помошта, висината на дополнителната помош за тој производ утврдена согласно со ставот (2) на овој член како и начинот на утврдување на износот и рокот за враќање на исплатените средства за дополнителната помош.

(5) Дополнителната помош од ставот (1) на овој член ќе се исплаќа преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој како мерка предвидена во годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.